Македонија

# ЗНМ: Колегата Адеми повторно попречен во својата работа – МВР итно да истражи

October 31, 2022 17:30 0 41

0



Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) реагира на денешното попречување на вршење на работата на колегата Неврij Адеми од Тетова Сот, на кој му била одземена опремата и насилно бил отстранет од просториите во тетовско средно училиште од страна на непознато лице.

Според изјавите на колегата Адеми, денеска во просториите на тетовското средно училиште „7-ми Март", додека чекал да сними прилог со директорот на ова училиште, од страна на непознато лице му бил одземен мобилниот телефон и турнат микрофонот. Веднаш потоа истото лице користејќи груб речник, се обидел да го истурка новинарот надвор во училишниот двор.

„Еден човек излезе од канцеларијата на директорот на училиштето кој ми рече дека директорот не е на работа и дека бил многу зафатен со обврски. Јас му одговорив дека ќе го почекам тука и во тој момент човекот ме фати за рака за да ме избрка надвор, јас му реков да не ме допира. Тој продолжи да ме брка од училиштето и ми го зема телефонот и микрофонот од рака", изјави Адеми.

Случајот е пријавен во Министерството за внатрешни работи, а ЗНМ ќе ја следи истрагата и ќе инсистира на одговорност од страна на лицето кое го спречило новинарот Адеми да ја врши својата работа. Ова е втор инцидент кој се случува годинава со новинарот Неврij Адеми, тој во првиот немил настан беше бркан од лице со секира од место на кое исто така снимал прилог, за што напаѓачот беше кривично гонет, а потоа и осуден.

‹ ПРЕТХОДНО

**Ад хок телото не дало согласност за здружение со името**

СЛЕДНО ›

**Путин домаќин мировната сред на лидерите на**